Архивски знак: 0401
Рок на чување: 1 год.
05.05 20 15 година
Потпис

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
БИЗНИС АКАДЕМИЈА СМИЛЕВСКИ-БАС
Бр. 0401-192/01
05.05 2015 год.
СКОПЈЕ

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИЦИ ВО НАСТАВНИ ЗВАЊА ВО ПОСТОЈАН РАБОТЕН ОДНОС НА БИЗНИС АКАДЕМИЈАТА СМИЛЕВСКИ ЗА НАСТАВНАТА ОБЛАСТ ЕКОНОМИЈА И МАРКЕТИНГ

Со одлуката за формирање на Рецензиската комисија за избор на наставници во наставно звање во постојан работен однос на Висока стручна школа Бизнис Академија Смилевски БАС Скопје, за наставната област Економија и маркетинг од 24.03.2015 година, определени сме за членови на Рецензиската комисија за избор на наставници во наставно звање во постојан работен однос на Висока стручна школа за наставната област Економија и маркетинг.

Со одлуката од Наставничкиот совет ги добивме документите кои беа наведени во конкурсот и по нивното проучување, Рецензиската комисија, во состав:

1.Проф. д-р Маријан Стевановски - редовен професор на МИТ Универзитетот, Скопје
2.Вон. проф. д-р Емилија Стевановска - вонреден професор на БАС Институтот за менаџмент, Битола
3.Доц. д-р Марјан Танушевски - доцент на БАС Институтот за менаџмент, Битола

има чест на Наставничкиот совет на БАС да му го поднесе следниов

ИЗВЕШТАЈ

## I. Преглед на пријавените кандидати

На конкурсот за избор на наставници на БАС, објавен во Нова Македонија на 09.03.2015 година со рок за пријавување 8 дена од денот на негово објавување за наставната област Економија и маркетинг, пријавен е 1 (еден) кандидат и тоа:

1. **Доц. д-р Маја Кочоска**

Пријавената кандидатка претходно ја има поминато постапката за хабилитација, воедно направен е и увид во нејзините досегашни остварувања во БАС и врз основа на тоа во продолжение се дава приказ и оценка на остварувањата на кандидатката.

## II. Приказ на образовниот и кариерниот развој и на другите остварувања и компетенции на кандидатката

1. **Доц. д-р Маја Кочоска**

### А) Образовен развој

Кандидатката Маја Кочоска е родена во Скопје. Средно образование завршува во гимназијата „Јосип Броз Тито“ во Скопје со одлични резултати, а потоа во учебната 1998/1999 година образованието го продолжува на Економскиот факултет при

Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Дипломира 2004 година на насоката Надворешна трговија и се стекнува со звање *дипломиран економист.*

Постдипломските студии ги завршува на истиот факултет на насоката Маркетинг и во 2009 година се стекнува со титула *магистер по економски науки од областа на маркетингот.* Во 2011 година запишува докторски студии и во декември 2013 година докторира на Економскиот факултет, насока Маркетинг и се стекнува со звање *доктор на економски науки.*

**Б) Кариерен развој**

- работно ненаставно ангажирање (институција, области, посебно искуство соодветно за групата предмети)

| | | |
|---|---|---|
| 1999 – 2005 | Нехар турс – туристичка агенција Скопје | Односи со клиенти, склучување на аранжмани, развивање на интерперсонални вештини, висок степен на соработка и толеранција, тимска работа |
| 2010 | Генератор - Скопје | Финансиски директор<br>Учество на тендери и пресметки на плати и даноци |

- наставно искуство (институција, области, посебно искуство соодветно за групата предмети)

| | | |
|---|---|---|
| 2007 – 2010 | Мит Универзитет - Скопје | Асистент по група предмети од областа на менаџментот |
| Мај 2011 – февруари 2014<br><br>Февруари 2014 – февруари 2015 | Бизнис академија Смилевски – БАС, Скопје<br><br>БАС Институт за менаџмент, Битола | Надворешен соработник – предавач на предмети од областа на бизнисот и маркетингот<br><br>Избрана во звање доцент. |

- Обуки, семинари и работилници
  - Семинар за мал бизнис, проф. Шумански – Изработка на бизнис план со цел унапредување на претприемачкиот дух во РМ, 2009, МИТ Универзитет, СКопје

- Проект за модернизација на образованието (проект за усовршување на способностите на наставничкиот кадар во основните училишта во РМ
- Обучувачка работилница за наставници на БАС, Скопје – август 2012 година
- ДЕАН – Обука за дидактика за ефективна академска настава, Струмица – февруари, 2013,
- Обука за интерни интегратори – 25 и 26 мај 2014, БАС, Скопје,
- Трет симпозиум во организација на БАС, Скопје – претседател на Организациски одбор,
- Трета меѓународна конференција во организација на БАС, БАС ИМ и Белградска пословна школа, член на организациски одбор,
- Четврт симпозиум во организација на БАС, Скопје и БАС ИМ, Битола, претседател на програмски одбор,
- Работилница за стратешко и годишно планирање на членките на МРР – обука на интерни интегратори, ноември 2014 година (асистент консултант)
- Експертска поддршка за анализа на окружувањето со цел подготовка на акционен план на ЦРМ (програма на УСАИД за подобрување на работењето на организациите), декември 2014, асистент консултант,
- Работилница за стратегиско планирање на пет членки на МРР, јануари 2015, консултант, (програма на УСАИД за подобрување на работењето на организациите),
- Дијагностичка работилница на секретаријатот за европски прашања, март 2015, асистент консултант (програма на УСАИД за подобрување на работењето на организациите).

**В) Авторски остварувања**

- Зборник на трудови бр.1 Мит Универзитет – Скопје 2010
- Менаџирање со промените и однесувањето во организациите – ко-автор на учебник мај 2011
- Етиката и општествената одговорност како дел од суштинските вредности на организациите – зборник Мит Универзитет
- Водење во време на промени – научно списание „The Heritage"
- Магистерска теза: „Онлајн стратегии за заштита на брендот" Економски факултет – Скопје
- Создавање иновациска култура како клуч за конкурентска предност – Втор симпозиум на Бизнис академија Смилевски Скопје и БАС Институт за менаџмент – Битола
- Докторска дисертација: „Маркетинг стратегии и тактики во прехранбената индустрија во Р. Македонија наспроти земјите од ЕУ" – Економски факултет – Скопје
- Маркетинг 3.0 како иновативна стратегија за одржување компаниска конкурентност во прехранбената индустрија во Р. Македонија – Втора меѓународна научна конференција – Бас институт за менаџмент Битола, Бизнис академија Смилевски – Бас, Скопје, Универзитет „Булент Еџевит – Зонгулдак, 2013
- Основи на маркетингот – компендиум за интерна употреба во академијата

- Доживотно учење – нова перспектива за личен и професионален развој – Трет симпозиум, Бизнис Академија Смилевски – Бас, Скопје, 2014
- Маркетинг 3.0 – нов предизвик во маркетингот – Меѓународна мајска конференција за стратегиски менаџмент, Бор - 2014
- Невербална комуникација – Меѓународна конференција, Охрид, 2014
- GEP модел на квалитет на услуги во високообразовните институции како основа за позиционирање и конкурентска прдност, Трета меѓународна конференција, Битола, 2014

Врз основа на досегашните остварувања на кандидатката во БАС, Рецензиската комисија констатира дека кандидатката се истакнува со својата комуникација и стручност во наставата, начинот на поврзување на теоријата и практиката, како и наведувањето на бројни примери од практиката.
Студентите констатираат дека одлично ја води наставата, а исто така искажуваат задоволство од начинот на кој го комуницира со студентите, ентузијазмот и енергијата кои ги пренесува.
Кандидатката исто така врз основа на анализата направена на евалвациите и врз основа на почитувањето на обврските за наставниците во БАС, покажува континуиран напредок во нејзиното работење.

### III. Заклучок и предлог на рецензиската комисија

Врз основа на приказот на образовниот и кариерниот развој на кандидатката и нејзините авторски остварувања како и добиените резултати од семестралните евалвации кандидатката може да се заклучи дека располага со богато професионално искуство, потребно и релевантно за наставната област за која конкурира.

Затоа Рецензиската комисија со задоволство му предлага на Наставничкиот совет на БАС, кандидатот доц. д-р Маја Кочоска да ја избере во постојан работен однос, како наставник во наставно звање ***Професор на висока стручна школа*** во наставната област Економија и маркетинг.

РЕЦЕНЗИСКА КОМИСИЈА

1. Проф. д-р Марјан Стевановски
2. Вонр. проф. д-р Емилија Стевановска
3. Доц. д-р Марјан Танушевски